З А П И С Н И К
од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 ноември 2025 година

Скопје, ноември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 ноември 2025 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 ноември 2025 година

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-509/1)

2. Предлог-одлука за запишување  на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-426/1)

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-510/1)

4. Известување за кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 4 септември 2025 година до 10 септември 2025 година

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 11 септември 2025 година до 17 септември 2025 година

6. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 18 септември 2025 година до 24 септември 2025 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 25 септември 2025 година до 1 октомври 2025 година

8. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 2 октомври 2025 година до 8 октомври 2025 година

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради

спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 октомври 2025 година до 15 октомври 2025 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 октомври 2025 година до 22 октомври 2025 година

11. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 јули 2025 година до 6 август 2025 година

12. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 9 септември 2025 година до 15 септември 2025 година

13. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 16 септември 2025 до 22 септември 2025 година

14. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 23 септември 2025 година до 29 септември 2025 година, со прилози

15. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 31 јули 2025 година до 6 август 2025 година

16. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 септември 2025 година до 10 септември 2025 година

17. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 септември 2025 година до 17 септември 2025 година

18. Известување за кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 септември 2025 до 24 септември 2025 година

19. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 септември 2025 година до 1 октомври 2025 година

20. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 октомври 2025 до 8 октомври 2025 година

21. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 9 октомври 2025 година до 15 октомври 2025 година

22. Предлог на закон за органско земјоделско производство (*)

23. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица

24. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Француската Република и Владата на Република Северна Македонија

25. Информација за одржување на Петтата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија, со текст на Предлог-програма и текст на Предлог-меморандум

26. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, за 2026 година, со прилози

27. Информација за потпишување на писмо „Потврда за искажување на заложба за валидност на обврските и одговорностите од Техничкиот аранжман помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE) за распоредување на Сојузничките сили за реакција (ARF), потпишан на 10 октомври 2024 година“, со текст на Технички аранжман

28. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CREVAL EXERCISE“ во Република Унгарија

29. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1843 на Советот од 28 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП на Советот за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата со кои се поткопуваат или се загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулатива за спроведување (ЕУ) 2024/1842 на Советот од 28 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 на Советот за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата со кои се поткопуваат или се загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина

30. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1738 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2014/145 во врска со рестриктивните мерки во однос на дејствата кои го поткопуваат или го загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ)

2024/1739 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивните мерки во однос на дејствата што го поткопуваат или го загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина

31. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1795 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на ситуацијата во Иран и Регулативата (ЕУ) 2024/1796 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки против одредени лица, субјекти и тела во поглед на ситуацијата во Иран

32. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/746 на Советот од 23 февруари 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/745 на Советот од 23 февруари 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 833/2014 за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина

33. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/951 на Советот од 22 март 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/952 на Советот од 22 март 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/953 на Советот од 25 март 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивните мерки против ИСИЛ (Да"еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/954 на Советот од 25 март 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/1686 за воведување дополнителни рестриктивни мерки насочени против ИСИЛ (Да"еш) и Ал Каеда и физички и правни лица, субјекти или тела кои се поврзани со нив

35. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1603 на Советот од 31 мај 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1602 на Советот од 31 мај 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

36. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2024/2116 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија против Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2113 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕЗ) бр.765/2006 за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија против Украина

37. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1784 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2023/2135 за рестриктивни мерки со оглед на активностите со кои се поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1783 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2023/2147 за рестриктивни мерки со оглед на активностите со кои се поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан

38. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1175 на Советот од 19 април 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 во врска со рестриктивните мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1172 на Советот од 19 април 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 во врска со рестриктивните мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права

39. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1470 на Советот од 21 мај 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/1469 на Советот од 21 мај 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина

40. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/2540 на Советот од 13 ноември 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/2576 на Советот од 13 ноември 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

41. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1744 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/1745 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

42. Информација во врска со учество на Република Северна Македонија како земја партнер на 56. Меѓународен саем за туризам во Нови Сад

43. Информација за потребата за вклучување на заштитените културни добра: Стара скопска чаршија и археолошкиот локалитет Стоби во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Владата на Република Северна Македонија

44. Информација за реализација на проект „Е-бебе“

45. Информација за Стратегија на Светската здравствена организација за соработка со Република Северна Македонија (2026-2030), со текст на Стратегија

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија – Скопје (пациент монитори и транспортни пациент монитори)

47. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје

48. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.138/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 17

став 1 и став 2 во делот „на судија“ од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 53/24)

49. Иницијатива поднесена од Драги Каранфиловски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 186 став 2 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15)

50. Иницијатива од Ѓорѓи Андов од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/22)

51. Информација за потреба од донесување на програма за зајакнување на одговорот на здравствениот сектор на насилство врз жени, девојчиња и деца

52. Информација за степенот на реализација на постапката за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, за период од мај до август за 2025 година

53. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Можноста за употреба на вештачката интелигенција во јавниот сектор”

54. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“, заклучно со третиот квартал на 2025 година

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул.Ленинова бр.14, Ресен, со Предлог-одлука (39-7916/1)

58. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул.„Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука (39-7919/1)

59. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Коцев, ул.Фемо Кулаков бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука (39-5871/1)

60. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежанка Толова, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог - одлука

61. Информација за потребни финансиски средства за нормално функционирање на целокупниот железнички систем во државата

62. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17

63. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „с.Бороец“, Општина Струга од Трговското услужно друштво АМ-ИС ТРАНС увоз-извоз с.Велешта Струга ДООЕЛ на Трговското друштво за производство трговија и услуги НОМАС 79 ДООЕЛ увоз-извоз Охрид

64. Известување од извршител Данчо Диманчев од Гевгелија, доставено под И.бр.78/2025, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 18 ноември 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.4611, за КО Гевгелија, на КП бр.3909, викано место/улица „Пазар“

65. Информација за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите

66. Информација за статус на реализација на Договор за доделување на државна помош на Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје

67. Информација за подготовка на Дваесет и првиот Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 12 ноември 2025 година, во Скопје, со прилози

68. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб казино 77“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во деловната просторија во Подружница Казино Голд Фелиција 1 Тетово на ул.„Скопски пат” бр.1 Тетово

69. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија за деловната просторија во Подружница Фламинго Скопје, која се наоѓа на ул.Плоштад Македонија бр.7 Скопје-Центар

70. Барање на Омари Камау Мооре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

71. Барање на Натхан Мицхаел Сестина, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 ноември 2025 година и Записникот од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 ноември 2025 година.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-509/1).

Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за запишување  на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-426/1).

Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-510/1).

Точка 4

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 4 септември 2025 година до 10 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 5

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 11 септември 2025 година до 17 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 6

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 18 септември 2025 година до 24 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 25 септември 2025 година до 1 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 8

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 2 октомври 2025 година до 8 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 9

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 9 октомври 2025 година до 15 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 10

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 октомври 2025 година до 22 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 11

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 јули 2025 година до 6 август 2025 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 12

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 9 септември 2025 година до 15 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од

Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 13

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 16 септември 2025 до 22 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 14

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 23 септември 2025 година до 29 септември 2025 година, со прилози и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 15

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 31 јули 2025 година до 6 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 16

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 септември 2025 година до 10 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 17

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 септември 2025 година до 17 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 18

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 септември 2025 до 24 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 19

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 септември 2025 година до 1 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 20

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 2 октомври 2025 до 8 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 21

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 9 октомври 2025 година до 15 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за органско земјоделско производство (*).

Предлагачот да ја извести Владата кога повторно материјалот да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 23

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог–одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица, за наредната седница на Владата.

Точка 24

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на одбраната помеѓу Владата на Француската Република и Владата на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници Елизабета Чупоска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, Назиф Џафери, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Петтата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија, со текст на Предлог-програма и текст на Предлог-меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија и труд, најдоцна до 12 ноември 2025 година, да номинира претставник, кој ќе учествува на Петтата седница на Мешовитата комисија и во Работната група за трговија, деловен развој и претприемништво (МСП) и номинацијата да ја достави до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 12 ноември 2025 година, да номинира претставник, кој ќе учествува на Петтата седница на Мешовитата комисија и во Работната група за енергетика и климатски промени и номинацијата да ја достави до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам да го усогласи текстот на Предлог-програмата за соработка во областа на културата и уметноста меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за периодот 2026-2030 година со унгарската страна во рамки на Работната група за образование, култура и туризам, што ќе се одржи на 13 ноември 2025 година, во Будимпешта.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам да го усогласи текстот на Предлог-меморандумот за соработка меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за национална економија на Унгарија со унгарската страна во рамки на Работната група за образование, култура и туризам, што ќе се одржи на 13 ноември 2025 година, во Будимпешта.

5. Се овластува Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам, да ја потпише Програмата за соработка во областа на културата и уметноста меѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за култура и иновации на Унгарија за периодот 2026-2030 година, доколку текстот на Програмата се усогласи со унгарската страна во рамки на Работната група за образование, култура и туризам, што ќе се одржи на 13 ноември 2025 година, во Будимпешта, а со која ќе претседава државниот секретар Марија Станчевска-Ѓоргова.

6. Се овластува Марија Станчевска-Ѓоргова, државен секретар во Министерството за култура и туризам, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за национална економија на Унгарија, доколку текстот на Меморандумот се усогласи со унгарската страна во рамки на Работната група за образование, култура и туризам, што ќе се одржи на 13 ноември 2025 година, во Будимпешта, а со која ќе претседава државниот секретар Марија Станчевска-Ѓоргова.

Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, за 2026 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на државни органи и други институции кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа во рок од 15 дена, да го известат Министерството за одбрана за потребата од пополнување на работни места со преглед на број на лица дадени во прилог бр.3 за преземање и прераспоредување согласно образовниот профил и професионалните компетенции кои ги стекнале во Армијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда (судска и затворска полиција) во рок од 15 дена, да го извести Министерството за одбрана за преземање на 20 лица дадени во прилозите бр.1, бр.2 и бр.3.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на оваа информација, да го извести Министерството за одбрана за преземање на 20 лица дадени во прилозите бр.1 , бр.2 и бр.3.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена, да го извести Министерството за одбрана за преземање на 30 лица дадени во прилозите бр.1, бр.2 и бр.3.

5. Се задолжува Агенцијата за разузнавање во рок од 15, да го извести Министерството за одбрана за преземање на 20 лица дадени во прилозите бр.1 , бр.2 и бр.3.

6. Се задолжува Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија во рок од 15 дена, да го извести Министерството за одбрана за преземање на 10 лица дадени во прилозите бр.1, бр.2 и бр.3.

7. Се препорачува на Град Скопје и сите општини во чиј состав се територијалните противпожарни единици - на работни места пожарникари спасители во рок од 15 дена, да ја спроведат наведената активност и да го известат Министерството за одбрана за преземање на 100 лица дадени во прилозите бр.1, бр.2 и бр.3.

8. Се задолжува Министерството за јавна администрација во рок од 2 месеци, да даде согласност на систематизациите на органите на државна и локална власт задолжени да преземат поранешни професионални војници со навршени 45 години возраст, во насока на отварање на работни места согласно нивниот образовен профил и компетенции стекнати во Армија на Република Северна Македонија и тоа на:
- Центарот за управување со кризи,

-Дирекцијата за заштита и спасување, за работни места пиротехничари/сили за брза интервенција во случај на елементарни непогоди,
-Министерството за култура и туризам за работни места персонал за обезбедување,
-сите јавни установи од областа на здравството на територија на Република Северна Македонија за работни места – чувари, каде ќе се преземат поранешни професионални војници и
-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на писмо „Потврда за искажување на заложба за валидност на обврските и одговорностите од Техничкиот аранжман помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE) за распоредување на Сојузничките сили за реакција (ARF) потпишан на 10 октомври 2024 година“, со текст на Технички аранжман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува полковник Горан Кочев - Национален воен претставник (NMR) во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за операции (ACO), во Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE), во Монс, Кралство Белгија, да го потпише писмото „Потврда за искажување на заложба за валидност на обврските и одговорностите од Техничкиот аранжман помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Врховната команда на сојузничките сили за Европа (SHAPE) за распоредување на Сојузничките сили за реакција (ARF) потпишан на 10 октомври 2024 година“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од десет дена, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, а по укажана потреба (побарување), да ги преземаат соодветните активности за влез и престој на ARF силите во територија на Република Северна Македонија.

Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CREVAL EXERCISE“ во Република Унгарија.

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1843 на Советот од 28 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП на Советот за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата со кои се поткопуваат или се загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулатива за спроведување (ЕУ) 2024/1842 на Советот од 28 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 на Советот за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата со кои се поткопуваат или се загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина.

Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1738 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување  на Одлуката (ЗНБП) 2014/145 во

врска со рестриктивните мерки во однос на дејствата кои го поткопуваат или го загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/1739 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивните мерки во однос на дејствата што го поткопуваат или го загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина.

Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1795 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на ситуацијата во Иран и Регулативата (ЕУ) 2024/1796 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки против одредени лица, субјекти и тела во поглед на ситуацијата во Иран.

Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/746 на Советот од 23 февруари 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/745 на Советот од 23 февруари 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 833/2014 за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина.

Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/951 на Советот од 22 март 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/952 на Советот од 22 март 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/953 на Советот од 25 март 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивните мерки против ИСИЛ (Да"еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/954 на Советот од 25 март 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/1686 за воведување дополнителни рестриктивни мерки насочени против ИСИЛ (Да"еш) и Ал Каеда и физички и правни лица, субјекти или тела кои се поврзани со нив.

Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1603 на Советот од 31 мај 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1602 на Советот од 31 мај 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2024/2116 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија против Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2113 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕЗ) бр.765/2006 за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија против Украина.

Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1784 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2023/2135 за рестриктивни мерки со оглед на активностите со кои се поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1783 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2023/2147 за рестриктивни мерки со оглед на активностите со кои се поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан.

Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1175 на Советот од 19 април 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 во врска со рестриктивните мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1172 на Советот од 19 април 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 во врска со рестриктивните мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1470 на Советот од 21 мај 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/1469 на Советот од 21 мај 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина.

Точка 40

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/2540 на Советот од 13 ноември 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/2576 на Советот од 13 ноември 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1744 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2024/1745 на Советот од 24 јуни 2024 година за

изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина.

Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со учество на Република Северна Македонија како земја партнер на 56. Меѓународен саем за туризам во Нови Сад и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам, средствата во износ од 2.500.000,00 денари да ги обезбеди од буџетот за 2025 година на Министерството за култура и туризам, од раздел 180.10 - финансирање на дејностите од областа на културата, од посебна сметка 631, од програмата 90 - меѓународна соработка, од расходната ставка 464 - разни трансфери.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам да подготви концепт за визуелна презентација на Саемот и културна програма во рамките на Меѓународниот саем за туризам во Нови Сад.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за вклучување на заштитените културни добра: Стара скопска чаршија и археолошкиот локалитет Стоби во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Владата на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт при изработката на годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2026 година да предвиди и изработка на урбанистички план за вон населено место за античкиот локалитет Стоби и изработка на детален урбанистички план за градската четврт ЦС 02, блок - 02.03, Општина Чаир и Општина Центар – Скопје, кој се однесува на заштитениот опфат на Старата скопска чаршија.

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проект „Е-бебе“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во соработка со УНИЦЕФ и другите релевантни институции да продолжи со спроведување и одржување на проектот „Е-бебе“, употребувајќи ја постоечката инфраструктура на Платформата за интероперабилност и Националниот портал за електронски услуги uslugi.gov.mk и да ја информира Владата за преземените мерки и постигнатите резултати во рок од 30 дена.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство - Управа за електронско здравство, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матичните книги, се укажува на Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија, меѓуопштинските центри за социјални работи и јавните здравствени установи кои нудат услуги за гинекологија, а се препорачува на приватните здравствени установи кои нудат услуги за гинекологија и акушерство, да го динамизираат својот придонес во работната група формирана од Министерството за дигитална трансформација.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да воспостави меѓуинституционална координација еднаш месечно за потребите на спроведувањето и одржувањето на проект „Е-бебе“ со Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за

здравство - Управа за електронско здравство, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матичните книги, Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија, меѓуопштинските центри за социјални работи, јавните и приватните здравствени установи кои нудат услуги за гинекологија и акушерство.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегија на Светската здравствена организација за соработка со Република Северна Македонија (2026-2030), со текст на Стратегија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата на Светска здравствена организација за соработка со Република Северна Македонија (2026-2030).

2. Се овластува д-р Азир Алиу, министер за здравство, да ја потпише Стратегијата на Светска здравствена организација за соработка со Република Северна Македонија (2026-2030).

Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија – Скопје (пациент монитори и транспортни пациент монитори).

Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје.

Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.138/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 и став 2 во делот „на судија“ од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 53/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста во делот „на судија“ од член 17 ставовите (1) и (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, од причина што оспорената одредба е спротивна на членот 8 став (1) алинеја 3, во смисла на владеење на правото како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, каде е пропишано дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“.

Во Иницијативата е наведено дека „Законот за платите на судиите ја регулира основицата за пресметување на платата на судиите и која е основицата за пресметување на платата на судиите е определена со напред цитираната одредба од член 5 став (2) од наведениот пропис. Законот за Академијата за судии и јавни обвинители тоа не го пропишува ниту предвидува во ниту еден член, туку само ја пропишува висината на платата во членот 17 ставови 1 и 2, напред цитирани.“.

Согласно член 17 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители:
„(1) Платата на директорот се определува на нивото на плата на судија во Врховниот суд, утврдена со закон.
(2) Платата на заменикот се определува на нивото на плата на судија во апелационен суд, утврдена со закон.
(3) Директорот и заменикот имаат право на додаток на плата заради заштита на угледот на институцијата и доверливоста во работењето, а чија висина поблиску се уредува со акт на Академијата.“.

Се смета дека поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на Академијата за судии и јавни обвинители што ја има во општеството, како резултат на системската поставеност на ова тело во правосудниот систем.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на Академијата за судии и јавни обвинители е важен чекор во процесот на судските реформи заради зголемување на професионализмот во областа на правото, а кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите.

Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба од законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 50/24) и Законот за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Дополнително, со Законот се уредува посебниот режим на права и обврски кои го уживаат директорот и заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно член 15 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители:
(1) Директорот е раководен и извршен орган на Академијата и истиот има заменик.
(2) Директорот и заменикот се именуваат за време од четири години, со право на уште еден избор.
(3) Заменикот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција.
(4) Заменикот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери, а припаѓаат во неговиот делокруг на работни задачи.
(5) Директорот и заменикот ги именува Управниот одбор врз основа на јавен оглас кој се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”, на веб-страницата на Академијата и во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и еден од весниците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(6) Управниот одбор е должен одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор и заменик да ја донесе најмалку три месеци пред истекот на мандатот на директорот, односно заменикот.
(7) Рокот за пријавување на јавниот оглас е 15 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија”.
(8) За директор, односно заменик се именува лице со најмалку осум години работен стаж како судија во судовите или јавен обвинител во јавните обвинителства во Република Северна Македонија, судија во Уставниот суд на Република Северна Македонија или во меѓународен суд.
(9) Годините работен стаж од ставот (8) на овој член ги опфаќаат вкупниот работен стаж остварен во наведените органи како судија и јавен обвинител.
(10) Лицето кандидат за директор, односно заменик, покрај високите професионални и стручни квалитети и резултати во работењето, треба да ги исполнува и следниве услови:
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИ Б2 ниво ЦЕФР (CEFR), или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,
- со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.
(11) Начинот на именување и разрешување на директорот и заменикот поблиску се уредува со Статутот.

Согласно член 16 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители:
,,Директорот ги има следниве права и должности:
- раководи со работењето на Академијата,
-ја застапува и ја претставува Академијата пред домашните и пред меѓународните институции,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор,
- ја координира и организира работата на Академијата,
- се грижи за обезбедување услови за секојдневно функционирање на Академијата,
- поднесува предлог-програма за работа на Академијата,
- поднесува годишен извештај за работата на Академијата,
- учествува во изготвувањето на сите програми за обука од надлежност на Академијата,
- учествува во работата на Управниот одбор и претседава со седниците на Програмскиот совет,
- предлага листа на предавачи врз основа на мислењето на Програмскиот совет,
- воспоставува соработка со сродни институции,
- донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места,
- раководи со Службата за стручно - технички работи на Академијата,
- управува со финансиските средства и со имотот на Академијата, за што поднесува предлог - финансиски план и предлог - план за јавни набавки до Управниот одбор,
- предлага изменување и дополнување на статутот и другите општи акти на Академијата,
- одговара за законитоста во работењето на Академијата и
- врши и други работи согласно со овој закон, Статутот и со општите акти на Академијата.“

Согласно член 66 став (1) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители „Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетот на Судската власт.“.

Според став (4) од истиот член „Буџетските средства од ставот (1) на овој член се обезбедуваат во висина за да го покријат организирањето и спроведувањето на испитите, програмите за обука, како и други трошоци кои произлегуваат од тековното работење на Академијата согласно со овој закон.“.

Согласно член 1 став (3) од Законот за судскиот буџет: „Со судскиот буџет се финансираат судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: единки корисници).“.

Во поглед на делот кој се однесува на „единки корисници“ од член 1 став (3) од Законот за судскиот буџет, законодавецот јасно предвидел кои органи се финансираат од судскиот буџет, а тоа се судовите, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно член 5 став (1) алинеја 1 од Законот за судскиот буџет, трошоците на судскиот буџет ги сочинуваат тековните трошоци за платите и надоместоците на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, судиите и директорот на Академијата за судии и јавни обвинители.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека Академијата за судии и јавни обвинители не е орган во смисла на член 8 став (1) од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија и дека не е орган ниту по Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за судовите, Законот за јавното обвинителство и Законот за Академија за судии и јавни обвинители со оглед на тоа дека Академијата е дефинирана како јавна установа и според тоа, оправданоста на директорот и заменикот на директорот, остваруваат плата во висина на платата на функционерот кој е избран според lex specialis.

Подносителот на Иницијативата не го земал предвид фактот дека платите на судиите се пресметуваат согласно член 5 од Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/07, 103/08, 161/08, 153/09, 67/10, 97/10, 135/11, 231/15, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24 и 272/24), кој всушност претставува lex specialis во однос на другите закони.

Членот 5 од Законот пропишува дека платата се пресметува на начин што се множи основицата со коефициентот за утврдување на платата, а основицата за пресметување на платата на судиите е основицата за пресметување на платата за избрани и именувани лица утврдена согласно со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија. Оттука, платата на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители во смисла на член 17 се определува на нивото на плата на судија во Врховниот суд, утврдена со Законот за платите на судиите, односно за заменик на директорот на ниво на плата на судија во апелационен суд, утврдена со Законот за платите на судиите, кој претставува lex specialis.

Со членот 32 став 1 од Уставот на сите граѓани им се овозможува правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, а додека пак ставовите 2 и 3 пропишуваат дека на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и за извршената работа има право на соодветна заработувачка. Според ставот 5 од истиот член „Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори“.

Воедно, државата преку судскиот буџет целосно го финансира обучувањето на идните кандидати за судии и јавни обвинители и организирањето и спроведувањето на испитите, програмите за обука, како и други трошоци кои произлегуваат од тековното работење на Академијата како што се и платите на директорот и заменикот на директор на Академијата.

Впрочем, Академијата за судии и јавни обвинители има важна улога во правосудниот систем имајќи предвид дека државата е таа што вложува во создавањето на стручни и професионални кадри, а се со цел за создавање и одржување на независно правосудство.

Имајќи го предвид горе наведеното, се смета дека делот „на судија“ од член 17 ставовите (1) и (2) од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел „на судија“ од член 17 ставовите (1) и (2) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23 и 50/24).

Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Драги Каранфиловски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 186 став 2 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) и притоа го утврди следното мислење:

Според подносителот на предметната Иницијатива, оспорената одредба од член 186 став (2) од Законот за парничната постапка не е во согласност со членот 11 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој е утврдено дека ,,Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Се забранува присилна работа.‘‘.

Според наводите од Иницијативата, подносителот замолува за приоритетен став од причина што во тек е постапката, по предметот XXXII П4 бр.386/25 пред Основниот граѓански суд Скопје, каде е закажано ново рочиште на 31.10.2025 година во 10:15 часот.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Поаѓајќи од членот 186 од Законот за парничната постапка, кој се однесува на сопарничари во парничната постапка, оваа законска одредба, всушност, предвидува можност и услови под кои во една парница повеќе физички или правни лица можат со една тужба да тужат или да бидат тужени. Смислата на овој институт е да се постигне брза, поефикасна и поекономична парнична постапка.

Кога постојат повеќе тужители во тужбата, таквото сопарничарство се вика активно, а кога има повеќе тужени се вика пасивно сопарничарство.

Сопарничарството, по правило се заснова во моментот на поведување на постапката, но можно е и засновање на активно и пасивно сопарничарство во тек на траење на целата постапка, под услови предвидени во овој закон. Ако новиот тужен не прифати да стапи во парницата,

сопарничарството може да се заснова така што тужителот против него поведува нова тужба, а судот под условите од член 299 од Законот за парничната постапка ќе ја спои со постапката која веќе трае.

Согласно членот 299 од Законот за парничната постапка:

,,(1) Ако пред ист суд течат повеќе парници меѓу исти лица или во кои исто лице е противник на разни тужители или разни тужени, сите овие парници можат со решение на советот да се спојат заради заедничко расправање, ако со тоа би се забрзало расправањето или би се намалиле трошоците. За сите споени парници судот може да донесе заедничка пресуда.
(2) Советот може да определи заради заедничко расправање пред него, да се спојат повеќе парници и тогаш кога за некои од нив е надлежен судија поединец на истиот суд.
(3) Советот може да определи одвоено да се расправа за одделни барања во иста тужба и по завршувањето на одвоеното расправање да донесе посебни одлуки за тие барања.‘‘.

Исто така, секој од сопарничарите е овластен да презема парнични дејствија во однос на секој сопарничар посебно, (член 201, 202), а во односи на секое поединечно дејствие судот може посебно да одлучува за барањата согласно членот 263 од Законот за парничната постапка: да ја отфрли тужбата спрема секој од сопарничарите (член 263, 265, 274), да одлучува по приговори на сопарничарите (член 274), како и приговори за застареност и надомест, да одлучува за поднесена противтужба (член 179), да склучи порамнување (член 307), да одлучува за повлекување на тужбата (член 183), за признавање на тужбеното барање и за преиначување на тужбата. Ова не се однесува за ситуации од член 191 од Законот за парничната постапка во случај на единствени сопарничари.

Во поглед на месната надлежност, се применуваат одредбите од членовите 38 и 42 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 38 од Законот за парничната постапка:

(1) Ако со законот не е определена исклучителна месна надлежност на некој друг суд, за судење е надлежен судот што е општо месно надлежен за тужениот.
(2) Во случаите предвидени во овој закон за судење покрај судот од општа месна надлежност е надлежен и друг определен суд.

Согласно член 42 од Законот за парничната постапка: ,,Ако со една тужба се тужени повеќе лица (член 186 став (1) точка 1), а за нив не постои месна надлежност на ист суд, надлежен е судот кој е месно надлежен за еден од тужените, а ако меѓу нив има главни и споредни должници, судот кој е месно надлежен за некој од главните должници.‘‘.

Во поглед на наводите од Иницијативата дека оспорената одредба од член 186 (2) од Законот за парничната постапка не е во согласност со член 11 од Уставот на Република Северна Македонија, се смета дека двете одредби немаат никаква поврзаност во нивната примена, односно одредбата од член 186 став (2) не кореспондира со членот 11 од Уставот во поглед на забраната за мачење и тортура, нечовечко или понижувачко постапување и казнување кое е фундаментално право и кое не може да се дерогира под било какви услови. Ова право е апсолутно и не е подложно на било какви ограничувања.

По однос на наводите од Иницијативата за давање на приоритетен став од причина што во тек е постапката по предметот XXXII П4 бр.386/25 пред Основниот граѓански суд Скопје, каде е закажано ново рочиште на 31.10.2025 година во 10:15 часот и во врска со поднесените докази,

Ве известуваме дека ова не е предмет на разгледување и одлучување од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорената одредба од Законот за парничната постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 186 став (2) од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15).

<u>Точка 50</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Ѓорѓи Андов од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/22) и притоа го утврди следново мислење:

Според Иницијатива одредбата од член 1 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 67/22) (во натамошниот текст: Законот), со кој се менува член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) и согласно која пензијата се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, односно не е во согласност со член 8 став (1) алинеи 1, 3, 6, 8 и 11, член 30, член 34, член 51, член 54 став (1) и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно Иницијативата со оспорениот член 1 став (2) од Законот, се врши намалување на временскиот период на усогласување на пензиите од 12 месеци на 8 месеци во календарската година, односно временскиот период на усогласувањето на пензиите се намалува за 4 месеци во календарската година а тоа е намалување за една третина на усогласувањето на сите пензии во земјата, кое изразено во апсолутен износ ќе биде пензионер кој имал реално очекуванње да добие усогласување во износ од 3.000 денари просечно ќе добие износ од 2.000 денари. На овој начин нема усогласување на пензиите за јануари, февруари, јули и август во календарската година, од што произлегува дека се одзема едно стекнато право на оваа категорија на граѓани кое е реално и легитимно очекувано да биде рализирано во целост од причини што има економска основа и секое намалување предизвикува дестабилизација на социјалната сигурност на пензионерите до толку повеќе што член 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25), регулира дека правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиското и инвалидското осигурување под услови утврдени со овој закон.

Според Иницијативата, пензијата и усогласувањето на пензијата со цел да се задржи нејзината реална вредност се сопственост на пензионерот, која ја купувал во текот на целиот свој работен век преку плаќање на придонесите од платата.

Според ова, оспорената одредба од член 1 став (2) од Законот, не е во согласност со член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Со членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 194/24, 75/25 и 154/25), се уредува методологијата на усогласување на пензијата, преку кое се обезбедува одржувањето на економската вредност и куповната моќ на пензијата.

Членот 34 од Уставот на Република Северна Македонија, го гарантира правото на социјална сигурност и социјално осигурување кое право се утврдува со закон и колективен договор.

Според член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, државата се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност и должна е да обезбеди систем на социјална сигурност, односно заштита на граѓаните во случаеви кога тие немаат доволно средства за живот.

Согласно наведените уставни одредби, пензиското и инвалидското осигурување како дел од социјалното осигурување се уредува со закон и колективен договори. Тоа е основно човеково право, а државата има уставна обврска да создаде услови за негово остварување.

Со одредбата од Законот, која се оспорува со Иницијативата, се менува начинот на усогласување на пензиите и се дефинира начинот на зголемување на пензиите, со што се гарантира редовна и правична исплата на пензии. Со ова одредба начинот на усогласување и понатаму останува ист, односно пензијата и понатаму се усогласува два пати во годината, согласно истата формула од збирот од 50% пораст на трошоци за живот со 50% од пораст на просечно иплатена плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, се менуваат само временските пресеци кога се врши усогласувањето, односно наместо усогласувањето да се врши на 1 јануари и 1 јули, пензиите со направената измена се усогласуваат на 1 март и 1 септември секоја година.

Исто така, со овие измени пензионерите имаа поголема сигурност, а системот постави појасна рамка за идни корекции што значи подобра превидливост за корисниците.

Согласно горенаведеното, оспорениот член 1 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 67/22) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативатата од Ѓорѓи Андов од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.67/22).

<u>Точка 51</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од донесување на програма за зајакнување на одговорот на здравствениот сектор на насилство врз жени, девојчиња и деца, како материјал за информирање.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на постапката за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, за период од мај до август за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Можноста за употреба на вештачката интелигенција во јавниот сектор", како материјал за информирање.

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард", заклучно со третиот квартал на 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 55

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 56

1. Владата, по повод одбележувањето на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје, кој ќе се одбележи во Скопје со положување на свежо цвеќе и свечена академија, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Делегација, во состав:
- м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Борко Ристовски, министер за спорт и
- Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади,

да положи свежо цвеќе и тоа:

- во 11:00 часот, пред Споменикот на ослободителите на Скопје на Партизанските гробишта во Бутел;
- во 11:30 часот, на гробот на генерал Михајло Апостолски во Алејата на заслужни граѓани на гробиштата во Бутел и
- во 12:30 часот, пред Споменикот на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди венци за Делегацијата, како и превоз на Делегацијата до местото каде ќе се одбележува настанот.

2. Владата по повод одбележувањето на „22 Ноември – Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница“ ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии при евентуална прераспределба на буџетските средства за 2025 година, да предвиди средства во износ од 6.000 евра, во денарска противвредност, во буџетот на Министерството за образование и наука, како план за ЈНУ Институт за културно и духовно наследство на Албанците.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за прославата, која ќе се одржи на 22 ноември 2025 година, во 19:00 часот, во Центарот за култура Битола, да обезбеди превоз и храна за членовите на НУ Ансамбал на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија – Скопје.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди сала во хотелот Александар палас, во Скопје и да ги покрие трошоците за Свечената академија, која ќе се одржи на 21 ноември 2025 година.

<u>Точка 57</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул.Ленинова бр.14, Ресен со Предлог-одлука (39-7916/1), за наредната седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

<u>Точка 58</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул. „Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука (39-7919/1), за наредната седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

<u>Точка 59</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Коцев, ул.Фемо Кулаков бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука (39-5871/1), за наредната седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

<u>Точка 60</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежанка Толова, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

<u>Точка 61</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребни финансиски средства за нормално функционирање на целокупниот железнички систем во државата и ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт да ги обезбеди средствата (целосно или делумно) по пат на прераспределба, согласно можностите, во рамките на расположливите средства од сопствениот буџет за 2025 година.

Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф. бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17 и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до 25 ноември 2025 година, да подготви и до Владата да достави информација на склучени договори и суми на договорите за дадените концесии за хидроелектрични централи во националните паркови и другите заштитени подрачја на територијата на цела држава.

Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „с.Бороец“, Општина Струга од Трговското услужно друштво АМ-ИС ТРАНС увоз-извоз с.Велешта Струга ДООЕЛ на Трговското друштво за производство трговија и услуги НОМАС 79 ДООЕЛ увоз-извоз Охрид.

Точка 64

Владата го разгледа Известувањето од извршител Данчо Диманчев од Гевгелија, доставено под И.бр.78/2025, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 18 ноември 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.4611, за КО Гевгелија, на КП бр.3909, викано место/улица „Пазар“ и по истото, го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето од Министерството за транспорт.

Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за статус на спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да изврши проверка и контрола на извештаите за исплата на финансиска поддршка, доставени од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија на корисниците кои имаат склучени договори за финансиска поддршка на инвестиции, заклучно со 31 декември 2024 година, како и на корисниците кои имаат склучени анекси кон договорите за финансиска поддршка на инвестиции во 2025 година со Министерството за економија и труд.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по извршената проверка и контрола на извештаите за исплата на финансиска поддршка, доставени од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, да изврши исплата на финансиска поддршка на корисниците кои имаат склучени

договори за финансиска поддршка на инвестиции, заклучно со 31 декември 2024 година, како и на корисниците кои имаат склучени анекси кон договорите за финансиска поддршка на инвестиции во 2025 година со Министерството за економија и труд, најдоцна до 25 декември 2025 година, со оглед дека буџетските средства се предвидени во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, програма Д – Економски развој, потпрограма Д9 – Финансиска поддршка на инвестициите.

Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на Договор за доделување на државна помош на Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје, ја усвои и го задолжи Игор Janушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да достави извесување до Локо транс логистик ДООЕЛ Скопје, дека Договорот за доделување на државна помош бр.13-10497/1 од 19.12.2019 година се смета за раскинат од 31.5.2025 година, од причина што инвестицискиот проект не бил реализиран во договорениот рок.

Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесет и првиот Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 12 ноември 2025 година, во Скопје, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Линдита Шакири, раководител на Секторот за ЕУ во Министерството за животна средина и просторно планирање, за копретседавач на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во соработка со Министерството за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата веднаш да биде доставена до Европската комисија преку Министерството за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија, по усвојувањето на истите од Владата.

Точка 68

Владата ја разгледа Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб казино 77“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во деловната просторија во Подружница Казино Голд Фелиција 1 Тетово на ул.„Скопски пат” бр.1 Тетово и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино.

Точка 69

Владата ја разгледа Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во казино на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен“ ДООЕЛ Гевгелија за деловната просторија во Подружница Фламинго Скопје, која се наоѓа на ул.Плоштад Македонија бр.7 Скопје-Центар и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино.

Точка 70

Владата го разгледа Барањето на Омари Камау Мооре, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

Точка 71

Владата го разгледа Барањето на Натхан Мицхаел Сестина, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за спорт.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:10 часот.